# ИАЕСТЕ Македонија го објавуви надворешниот конкурс за стручни пракси во странство

Надворешниот конкурс е објавен од страна на ИАЕСТЕ Македонија - Меѓународна организација за размена на студенти од техничките факултети.

Целта на овој конкурс е да бидат информирани студентите на техничките факултети при државните универзитети за можноста да заминат на платена стручна пракса во странство и при тоа да добијат не само бесценето работно искуство но и да ја воспримат културата и да стекнат нови вредни пријателства.

Секоја година ИАЕСТЕ Македонија објавува надворешен конкурс за стручни пракси во странство, на кој може да аплицираат сите редовни студенти кои ги исполнуваат критериумите и се на додипломски или магистерски студии на техничките факултети при универзитетите: „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, „Св. Климент Охридски“ - Битола, „Гоце Делчев“ - Штип и Универзитетот за информациони науки и технологии - Охрид.

Огласот може да го најдете на следниов линк

Facebook албумот со останати пракси можете да го најдете на следниов линк.